Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на чл.105 ст.1 ал.1 од Уставот на Република Северна Македонија, чл.41 и чл.46 ст.1 т.1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ " бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19) и чл.47 ст.1, чл.49 и чл.50 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ " бр.102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.09.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА
# ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

за судија на Основен граѓански Суд Скопје е избран/на:

1. **Драгана Илиовска - кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители.**

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## О б р а з л о ж е н и е

Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на судии во Основен граѓански суд Скопје („Службен весник на РСМ" бр.168/23 од 08.08.2023 година).

На објавениот оглас за избор на судии на Основен граѓански Суд Скопје се пријавиле 7 кандидати кои ги исполнуваат условите согласно законот.

Постапката за избор на судии на Основен граѓански Суд Скопје Советот ја спроведе согласно Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители.

Советот спроведе психолошки тест за проверка на социјалните способности и тест за интегритет за проверка на етички и морални вредности на кандидатите, тест за проверка на знаењето на практична работа со компјутери и изврши интервју со кандидатите.

Советот формираше Комисија составена од членови на Советот која изготви ранг листа и до Советот ја достави следната ранг листа од кандидати:

| Ред. Бр. | Презиме | Име | Година на завршување на АСЈО | Бодови од Комисијата од спроведено то интервју | Бодови од успех од АСЈО | Вкупен број на бодови | Судови за кои аплицирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Митреска | Ирена | 24.02.2023 | 5,76 | 57,61 | 63,37 | Основен граѓански суд Скопје |
| 2 | Илиовска | Драгана | 24.02.2023 | 5,57 | 56,86 | 62,43 | Основен граѓански суд Скопје |
| 3 | Томиќ Велкоски | Сања | 24.02.2023 | 5,62 | 56,58 | 62,2 | Основен граѓански суд Скопје |

Согласно чл.23 од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.74/19, 186/20 и 5/23) Судскиот совет гласаше редоследно по ранг листата.

Кандидатот од ранг листата Драгана Илиовска со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас. Со 4 гласа „За", кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Секој член на Советот со право на глас, даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во чл.49 ст.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Кандидатот Драгана Илиовска е кандидат од 7-та генерација кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители, дипломирал на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје, Правен факултет Јустинијан Први, а правосуден испит положил на 27.04.2011 година, има вкупен работен стаж од 10 години и 27 денови, односно 10 години и 27 денови по положен правосуден испит.

Имајќи го предвид наведеното, Советот го/ја избра Драгана Илиовска за судија на Основен граѓански Суд Скопје.

Бр. 09-1874/1
27.09.2023
СКОПЈЕ

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Сашко Георгиев